АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
ARŞIV ÖRNEĞI

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

Општина Пласница
0701
Трајне вредност
ПОТПИС
Imza
27.12. 2005

Број 07-381/5
27.12.2005 година
ПЛАСНИЦА

Врз основа на член 36 ст.1 ,т .3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М бр.05/02), член 2 од Законот за комунални такси (Служвен весник на Р.М бр.61/04) и член 21 ст.1 т.5 од Статутот на општина Пласница,Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 27.12.2005 година ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## *за утврдување на висината на комунална такса*

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса штп се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните во општина Пласница, во границите утврдени и предвиденисо тарифата за комунални такси која е составен дел од Законот за комунални такси.

**Член 2**

Висината на комуналната такса се определува согласно Тарифата за комунални такси и изнесува:

1. За фирма односно назив на деловните простории на физичките лица кои вршат дејност - **2.000,00 денари;**
2. За фирма односно назив на деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а плаќаат во паушален износ - **700,00 денари;**
3. За фирма односно назив на деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од обласга на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично – **6.000,00 денари;**
4. За фирма односно назив на деловни простории на правни лица од комуналните дејности – 3.000,00 денари;
5. За фирма односно назив на деловните простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено – 3.000,00 денари;
6. Закористење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба-дневно – 40,00 денари;
7. За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од м2 дневно – 10,00 денари;
8. За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:
   - до седум дена 500,00 денари
   - до 30 дена 1.000,00 денари
   - една година 1.500,00 денари

9. За користење на музика во јавни локали-годишно – 5.000,00 денари;
10. За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:
    - за физички лица кои вршат дејност 1.000,00 денари
    - за правните лица од областа на производството, прометот и услугите 1.500,00 денари

11 За користење на улиците со патнички,товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:
    - за патнички возила до 1000 кубика- 70,00 денари
    - за патничкки возила од 1000 до 1300 кубика – 100,00 денари
    - за патнички возила од 1300 до 1500 кубика – 130,00 денари
    - за патнички возила од 1500 до 1800 кубика – 300,00 денари
    - за патнички возила над 1800 кубика- 500,00 денари
    - за товарни возила по тон носивност- 100 денари
    - за автобуси и други возила што служат за превоз на патници – 500,00 денари
    - за специјални возила 50,00 денари
    - за сите видови мотоцикли 50,00 денари

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во "Службен гласник на општина Пласница".

**Совет на општина Пласница**
**Претседател,**
**Шефкија Алиоски**